*Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ*
*Александар ПАВЛЕСКИ*

**УДК: 316.48-054:316.77**
Изворен научен труд

# УЛОГАТА НА КОМУНИКАЦИЈАТА ВО ЕТНОПОЛИТИЧКИТЕ КОНФЛИКТИ

***Кратка содржина***

*Трудот ја анализира улогата на комуникацијата во контекст на етнополитичките конфликти. Во таа насока, трудот анализира дали и какво влијание има процесот на комуникација во разбирањето и во разрешувањето на етнополитичките конфликти. Вообичаено, традиционалниот пристап на разрешување конфликти е насочен кон постигнување прифатливи политички договори како инструменти за решавање на конфликтот. Сепак, новите начини на комуникација, посебно на микрониво, го насочија вниманието кон одредени нови прашања и влијанија на овој план. Повеќето од овие нови влијанија се насочени кон иницирање промена во односите и релациите помеѓу спротивставените страни, наспроти кон постигнување договори. Начелно, станува збор за пристап во решавањето на конфликтот кој ја наметнува потребата од долгорочни комуникации и контакти заради воспоставување постабилни и кооперативни односи. Врз основа на тоа, анализата во трудот е фокусирана на карактеристиките на етнополитичките конфликти (вклучувајќи ги нивните теориски аспекти, причините, последиците и напорите за нивно решавање), како и на значењето на комуникацијата во разбирањето и решавањето на овие конфликти. Во оваа насока, предмет на анализа во трудот претставуваат микро и макронивоата на комуникација и нивната улога во однос на ова прашање.*

***Клучни зборови***: *КОМУНИКАЦИЈА, ИДЕНТИТЕТ, ЕТНИЧКИ ГРУПИ, ЕТНОПОЛИТИЧКИ КОНФЛИКТ*

## Вовед

Во теоријата за конфликтите се присутни четири стратегии поврзани со процесот на менаџирање на конфликтите. Станува збор за: 1) избегнување на конфликтот; 2) превенција на конфликтот; 3) решавање на конфликтот; и 4) разрешување на конфликтот (Георгиева, 2010). Во контекст на анализата на овој труд, треба да се истакне дека комуникацијата претставува важен инструмент во сите посочени стратегии. Нејзиното значење е особено присутно во рамките на решавањето и на разрешувањето на конфликтите. Притоа, трудот конкретно го анализира влијанието и улогата на комуникацијата во нерешливите и сложени конфликти, какви што, впрочем, се токму етнополитичките конфликти.

Несомнено е дека две спротивставени страни нужно мора да комуницираат во насока на постигнување напредок и надминување на отворените прашања што ги разделуваат. Сепак, карактеристично за релациите помеѓу конфликтните страни е тоа што тие често се обременети со меѓусебни обвинувања, стереотипи и разни предрасуди. Токму затоа, конфликтните страни е неопходно да комуницираат заради надминување на посочените карактеристики.

Според традиционалниот теориски пристап за контактите помеѓу страните во конфликт, конфликтите помеѓу различни групи речиси секогаш иницираат непријателски ставови, предрасуди и стереотипи (Allport, 1954). Оттука, не може да се прифати дека секој контакт и комуникација се еднакво позитивни и ефикасни. Всушност, во зависност од целите, опкружувањето и условите, комуникацијата и контактите можат да имаат еднакво влијание како врз интензивирање на предрасудите, пристрасноста и недоразбирањето, така и врз нивното намалување и надминување. Оттука, фокусот на разрешувањето етнополитички конфликти е насочен кон иницирање средби и контакти помеѓу конфликтните страни со цел да се намалат предрасудите и подобрување на меѓучовечките односи. Како клучни елементи за иницирање позитивна комуникација, Алпорт ги посочува следниве: почитување на еднаквоста и намалување на разликите во статусот; меѓузависна соработка и остварување на заедничките цели; постоење општествена нормативна поддршка на контактите помеѓу групите (Allport, 1954). Сите од посочените елементи може да имаат позитивно влијание врз креирањето на новото меѓугрупно опкружување и релации.

## Теоретски аспекти на етнополитичкиот конфликт

Постојат повеќе теориски пристапи што ги истражуваат причините за етнополитичките конфликти. Оттука, секој од нив фаворизира одреден специфичен пристап во однос на менацирањето на овие конфликти. Сепак, во основа, заедничка перцпеција на речиси сите теориски пристапи е дека етнополитичкиот конфликт претставува судир помеѓу припадници на различни етнички групи.

Според Кофман, етничката група е составена од голем збир на луѓе кои имаат единствено сопствено име (на групата), споделуваат заедничко потекло, историја и култура (вклучувајќи и религија и јазик) и кои поседуваат одредена територија. Од друга страна, Хоровиц истакнува дека кај етничките групи е присутна тенденција за развој на солидарност и на чувство на заедничка припадност, како и за доживување на себеси како различни од другите. Затоа, колективните, заеднички карактеристики/симболи имаат големо значење во креирањето на т.н. заедничка, групна перцепција. Консензусот околу овие колективни карактеристики (како што се: јазикот, групниот идентитет, колективните симболи) ги намалува отворените прашања и спорови. Овие заеднички, колективни обележја во голема мера го олеснуваат процесот на политичка мобилизација на етничките групи. Од друга страна, етничките активисти, исто така, често ја користат разгранетата етничка инфраструктура на здруженија и мрежи за политички цели, а во одредени ситуации вршат приспособување и на самите етнички симболи во контекст на овие цели.

Тргнувајќи од пристапот на историска омраза, Каплан истакнува дека етничките идентитети и членството во групата претставуваат исконски елементи кои се отпорни на промени и кои како такви преставуваат висок ризик за повторување и обновување на деструктивните конфликти (Kaplan, 1994). Покрај тоа, етничките групи се отпорни на асимилација и ерозија, бидејќи наспроти влијанието на образованието и меѓуетничките односи, тие се обременети, пред сè, со колективни митови, стравови и непријателски чувства. Како такви, вградени во културата и во процесот на социјализација, нивните истории постојано ги истакнуваат негативните искуства од претходните конфликти и закани од останатите групи.

Поаѓајќи од т.н. манипулативен пристап на елитите, Гањон многу повеќе го истакнува значењето на општествената конструкција на етничките идентитети, за разлика од историското потекло. Оттука, етничките елити се натпреваруваат за моќ преку манипулирање со етнички поделби, страв и пропаганда на омраза. Во оваа насока, ривалските лидери пристапуваат кон оспорување на етничките противници како субјекти на кои никогаш не може да им се верува и кои поради тоа е неопходно да бидат поразени.

Според пристапот на идентитетска политика, етничката поделба на митови, симболи, стереотипи и стравови е истовремено вградена во народната култура, социјализацијата и институционалната структура на поделените општества (Kaufman, 2001). Затоа, процесот на менаџирање на конфликтите мора да се базира на градење сеопфатен заеднички идентитет и симболи, како и развивање политички институции кои со своето дејствување ќе ги надминуваат линиите на етничките поделби.

Според пристапот на т.н. безбедносна дилема, во услови на неуспех и распад на државата, сите групи се соочуваат со страв за нивната егзистенција, па во такви ситуации е присутна можноста одредени етнички групи да пристапат кон сопствена мобилизација за одбрана од ривалите кои се перципирани како закана за нивниот опстанок. Овој процес многу често вклучува и активности за вооружување, кое како директна закана за другите групи иницира поголема несигурност и стимулирање натамошна мобилизација, слична на трката во вооружувањето помеѓу државите. (Posen, 1993).

Пристапот на т.н. економска основа го негира ставот дека етничките поделби сами по себе претставуваат главна причина за современите, пред сè, внатрешни вооружени конфликти. Наспроти тоа, според овој пристап, основните причини за современите конфликти произлегуваат од состојбите во сферата на економската побарувачка, како што се: сиромаштија, економска стагнација, невработеност, корупција, распад на државите; како и од состојбите во сферата на економската понуда: мобилизирање на невработените млади луѓе во разни вооружени групи, отворени можности за егзистенција преку агресија и разбојништво, трговија со наркотици, контрола на приходите од природните ресурси (како што се нафтата и дијамантите) и поволно опкружување за хронична нестабилност.

Заедничка карактеристика за сите претходно посочени теориски правци претставува ставот дека клучно прашање во етнополитичкиот конфликт е групна-

та пристрасност, втемелена врз зацврстување на перцепциите за границите на сопствената група. Во оваа насока, во групата со ригидни и цврсти граници, вообичаено се применуваат експлицитни правила на одлучување за вклучување или за исклучување од неа. Во вакви ситуации, станува поедноставно перципирањето на луѓето како припадници на одредени социјални категории, а со тоа е појасна и сликата за нивната припадност или неприпадност во конкретна етнополитичка група (Donald, 2006).

Сите претходно посочени теории може да се прифатат како адекватни во објаснувањето на причините за етнополитичките конфликти, но, сепак, тоа само по себе нема одлучувачко влијание во процесот на градење на мирот. Имено, несомнено е дека насилните конфликти иницираат зголемување на етничката омраза, носат на власт манипулативни елити, создаваат страв и несигурност, а често поттикнуваат и појава на ексклузивни идентитети и раздвојувачки симболи. Во вакви ситуации, на учесниците во менаџирањето на конфликтот единствено им преостанува да се справуваат со последиците од конфликтот. Притоа, процесот на градење мир и на помирување е потребно да биде фокусиран врз перцепцијата дека на луѓето им е потребна можност и простор за изразување на заедничките трауми од загубите, но и на гневот како придружен елемент на болката и на меморијата од нанесените неправди. Неопходно е ваквата можност да им биде дадена на луѓето, посебно од аспект на креирање на нивната заедничка иднина. Притоа, секако дека комуникацијата има значајна улога во однос на ова прашање.

## Карактеристики на етнополитичкиот конфликт

Нерешливите и сложени конфликти, какви што се, впрочем, и етнополитичките конфликти, поседуваат пет карактеристики што ги разликуваат од останатите конфликти за кои се карактеристични традиционалните пристапи на решавање (Coleman, 2003). Како прво, овие конфликти се базираат на нерамномерна моќ, каде што националноста и јазикот се употребуваат како инструменти за дефинирање на другите и во таа насока за одржување или за воспоставување на моќта. Второ, овие конфликти ги карактеризираат егзистенцијални закани. Оттука, во нивната основа многу повеќе се присутни човековите потреби и идентитетот отколку материјалните ресурси. Трето, овие конфликти често вклучуваат и социјални и политички аспекти помеѓу спротивставените групи, што резултира со дезинформации и стереотипи, наспроти фактот што групите често се поврзани географски и економски. Четврто, етнополитичките конфликти вклучуваат и екстремни емоции. Всушност, силни и длабоки чувства на понижување и бес често претставуваат составен дел од овие конфликти. Петто, овие конфликти резултираат во долгорочна траума со хронични физички и емоционални проблеми.

Разликите и поделбите на етничка основа се мошне сложени бидејќи вклучуваат конкуренција помеѓу вредносните системи на две или повеќе култури. Во тој контекст, вредносните системи секогаш вклучуваат политички, економски, социјални и верски обележја на етничката припадност. Сепак, клучно прашање во идентификацијата на етничката група претставува верувањето во заедничкото по-

текло. Во оваа насока, јазикот, земјата и религијата често се поврзуваат со заедничкото потекло на групата (Donald, 2006). Токму затоа, напуштањето на одредена етничка група воопшто не претставува едноставен процес. Всушност, поединците не ни можат да ја напуштат својата етничка припадност. Покрај тоа, членовите на етничките групи веруваат дека поседуваат и физички карактеристики, како што се: земја, религија, историја и спектар на ритуални практики што го означуваат членството во групата.

Од друга страна, јазикот, националноста и културата, исто така, го олеснуваат одредувањето на етничкиот идентитет. Токму затоа, централно прашање на конфликтите кои се базираат на етничка основа претставува идентитетот. Оттука, заканата за идентитетот најчесто се перципира како тригер кој може силно да го поттикне и да го активира неговото одржување. Секогаш кога една група е под закана, нејзините членови многу прецизно и остро ги дефинираат границите за нивното членство во групата. Постојат мноштво историски примери за овој феномен. Имено, Палестинците го развиваат својот идентитет во контекст на заканата од Израел, исто како што и израелскиот идентитет се развива и зацврстува во контекст на палестинските закани (Ellis, 2006). Начелно, интензитетот на етничкиот идентитет претставува најважниот фактор што влијае врз промената на човековата активност. Ова е една од причините зошто етнополитичките конфликти се долготрајни, сложени и тешки за разрешување.

Покрај тоа, конфликтите во кои составен дел претставува етничката припадност речиси секогаш ја вклучуваат и идејата за нешто „свето“ и од „посебна важност“, без оглед дали станува збор за: земја, географска локација, предци или митови. Токму тој елемент, т.е. т.н. светост иницира учесниците во конфликтот да се држат до своите верувања и да станат исклучително отпорни на промени. Во ситуации кога земјата и предците се сметаат за свети, тие вообичаено добиваат квалитети и значење на митови, кои служат како основни верувања во групата. Изралско-палестинскиот конфликт повторно може да се посочи како пример и во однос на ова прашање. Имено, границата, живеалиштата и статусот на Ерусалим (свето место) ја сочинуваат главната и суштинска причина за овој конфликт.

Покрај нивната долгорочност, етничките конфликти често имаат и комплексни истории. Всушност, токму историјата често се употребува како оружје во рамките на овие конфликти. Во овој контекст, отворена е можноста дури и ако одреден конфликт нема долг рок на траење, сепак, страните да ја користат античката историја како оружје во меѓусебната борба. Во такви ситуации, употребата и толкувањето на историјата е многу поважен елемент отколку самото времетраење на конфликтот.

## Улогата на комуникацијата во етнополитички конфликти

Можат да се посочат повеќе причини зошто комуникацијата има важно значење во разбирањето, контролирањето и решавањето на сложените, етнополитички конфликти. Како прво, комуникацијата претставува основен елемент во речиси сите конфликти, како резултат на фактот дека нарушената комуникација чес-

то влијае врз ескалација на тензиите и на насилството помеѓу конфликтните страни. Поради тоа, комуникацискиот процес претставува значајно прашање за сите страни во конфликтот. Притоа, вообичаено тие се вклучуваат во разни дискусии, усвојување на стратегии, но и манипулативно однесување во настојувањето за обезбедување контрола врз другите. Второ, комуникацијата е присутна како на макро, така и на општествено микрониво (често и самите луѓе меѓусебно се убедуваат, расправаат, информираат и на тој начин влијаат врз развој на односите помеѓу припадниците на различни групи). На макрониво, комуникацијата вообичаено се реализира преку: медиумите, институции, владите, културите и сл. Во оваа насока, комуникацијата претставува симболичен процес на поврзување на поединците со општествените системи. Токму поради тоа, и меѓучовечките односи на микрониво и медиумите и институциите претставуваат значаен сегмент во разбирањето на конфликтот и на неговото решавање. Трето, секако дека комуникацискиот процес не може да има единствено и одлучувачко влијание во менаџирањето на сложените конфликти, но, сепак, несомнено е дека во сите конфликти е присутна потребата од комуникација. Всушност, очигледно е дека самата комуникација не може да го реши конфликтот, меѓутоа комуникациските процеси како инструменти се присутни во сите аспекти и фази од конфликтите. Во оваа насока, несомнено е дека: дипломатијата, медиумите, медијацијата, преговарањето, помирувањето и обуките за решавање конфликти, во својата суштина, ја содржат токму комуникацијата. Четврто, етнополитичките конфликти, во основа, се идентитетски конфликти кои се карактеризираат со висок степен на сложеност и со нејасни граници. Всушност, во основа, тие имаат поголема нематеријална природа, па оттука нивното дефинирање и разбирање е отежнато, бидејќи произлегуваат од егзистенцијалните и културните потреби и грижи. Затоа, ваквите конфликти ја наметнуваат потребата од еден сеопфатен и подлабок комуникациски ангажман во насока на проширување на кругот и границите на идентитетската инклузија.

Како што веќе беше претходно истакнато, етнополитичкиот конфликт многу повеќе се базира на старите/историски поделби помеѓу луѓето врз основа на етничкото потекло отколку на поделбата врз основа на начинот на живеење или на општествената класа во современи општествени услови. Сепак, без оглед на нивната причина, неспорно е дека овие конфликти продуцираат економски загуби, уништување на инфраструктурата, уништување на образовниот и здравствениот систем, насилство, трауми, бегалци и сл. Од овој аспект произлегува дека етнополитичките конфликти продуцираат сериозни последици поради што иницираат потреба од поинаква форма на интерперсонална комуникација базирана врз карактеристиките на трансформативниот и сеопфатен комуникациски пристап. Притоа, треба да се истакне дека доколку комуникацијата помеѓу две спротивставени групи може да се контролира, тогаш, во суштина, и самите резултати од таа комуникација можат да бидат контролирани.

Исто така, треба да се истакне дека комуникацијата помеѓу различни, спротивставени групи е потребна и неопходна, но таа самата по себе не претставува доволен фактор за успех. Без оглед на тоа, потребно е комуникацијата да биде претпазливо и адекватно реализирана во сите фази од конфликтниот процес.

Временскиот аспект, т.е. времето на реализација на комуникацијата, исто така, претставува значен аспект во процесот на справување со конфликтот. Во овој контекст, доминантна е дилемата кога треба да започне комуникацијата помеѓу две спротивставени групи и кога е најдоброто време за решавање на конфликтот. Треба да се истакне дека најдобро е комуникацијата да започне секогаш кога постојат услови за иницирање неофицијални и неструктурирани контакти и релации помеѓу поединиците на спротивставените групи. Притоа, градењето меѓусебна доверба треба да биде основна цел на ваквата комуникација. Сепак, ваквата комуникација не претставува доволен услов за целосна дескалација на конфликтот.

Затоа, од аспект на потребата на стратегиите за разрешување на конфликтите за примена на нови процеси и инструменти во зависност од карактеристиките на конкретниот конфликт, неопходно е страните во конфликтот да најдат нови начини на комуникација кои ќе ги надминат нивните претходни недоразбирања и грижи. Оттука, кога страните во конфликтот одлучуваат дека ќе бараат решенија за нивните проблеми и потреби, неопходно е да креираат и можности за одговорна меѓусебна интеракција. Меѓусебното охрабрување и развојот на нови елементи на меѓусебна доверба се особено значајни во етнополитичките конфликти, кои имаат, како што беше истакнато, егзистенцијален предзнак. Во вакви ситуации, структурираните политички контакти на макрониво претставуваат добра почетна точка за иницирање нова форма на комуникација. Всушност, во напорите за решавање на етнополитичкиот конфликт, самата форма и вид на комуникација имаат големо значење. Токму затоа, таа секогаш треба да биде насочена кон утврдување на условите за градење доверба, кон иницирање начини за воведување потребни промени, како и за надминување на предрасудите.

Во контекст на разрешувањето етнополитички конфликти, може да се истакне дека значаен елемент претставува и т.н. проширување на идентитетот, т.е. насочување на етничките групи кон можноста за креирање заеднички идентитети. Во вакви ситуации, неопходна е т.н. трансформативна комуникација во чиј делокруг спаѓаат и прашањата за: обесштетување, надминување на нееднаквоста, на потчинувањето и угнетувањето. Главната цел во овој контекст е иницирање услови за практична реалност во која спротивставените страни ќе имаат соодветен придонес кон заедничкиот живот (Ellis, 2006). Тоа е, меѓу другото, и поради фактот дека насилството е помалку веројатно во ситуации кога постои меѓусебна зависност помеѓу спротивставените страни. Ова посебно треба да се има предвид кога станува збор за етнополитички конфликти, каде што етничката припадност и националниот идентитет (категории кои не се менуваат лесно и брзо) се силно инкорпорирани во конфликтот. Новиот поинтегриран и кохезивен пристап на спротивставените групи не се реализира лесно и најчесто е насочен кон редуцирање на групната пристрасност. Притоа, комуникацијата и интеракциите помеѓу спротивставените групи ја сочинуваат суштината на ваквиот процес на т.н. идентитетско проширување.

Генерално, ефикасното менаџирање на етнополитичките конфликти ја наметнува потребата од соодветна комуникација на двете посочени нивоа: микро и макро.

На микрониво, комуникацијата во рамките на менаџирањето на конфликтите е насочена кон човековото однесување. Во тој контекст, таа е сконцентрирана кон намалување на ставовите, верувањата и мотивациите кои можат да предизвикаат продолжување на конфликтот. Затоа на ова ниво, во контекст на решавање на конфликтот, потребно е комуникацијата да биде фокусирана на животот на поединците, вклучувајќи ги нивните општествени и социјални грижи, перцепции и размислувања. Всушност, на ова ниво комуникацијата ги зближува заедно луѓето во однос на конкретни прашања и утврдува како комуникациските процеси ја обликуваат нивната интеракција. Во рамки на напорите за разрешување етнополитички конфликти, неопходно е овие процеси да бидат долгорочни и да вклучуваат колку што е можно повеќе аспекти на релациите помеѓу страните во конфликтот. Тоа посебно треба да биде практика во ситуации кога стереотипите и дезинформациите се длабоко вкоренети во односите помеѓу спротивставените страни. Исто така, значењето на меѓусебните реалации е поголемо кога тие се институционализирани. Всушност, институционалните односи вообичаено се базираат на надредени цели кои се почитувани од сите страни во конфликтот и кои како такви не можат да се постигнат без заедничка соработка.

Токму затоа, ваквите релации најдобро се конструираат преку комуникацијата на макронивоа. Во комуникациските пристапи на макронивоа се вклучени големите општествени формации базирани врз разни структури и организации (општествени класи, владини институции, стопански организации, образовни институции и сл.). Карактеристично е тоа што овие макро општествени структури во одредена мера ги ограничуваат индивидуалните мотивации и интерактивни модели.

Врз основа на сето претходно презентирано, може да се констатира дека комбинираната примена на адекватна комуникација на микро и на макро ниво претставува значаен детерминирачки фактор за ефикасно разрешување етнополитички конфликти. Тоа е единствениот пристап кој може да обезбеди надминување на поделбите и на отворените прашања помеѓу страните во конфликтот.

**Заклучок**

Како што веќе беше истакнато, етнополитичките конфликти имаат силни дестабилизирачки карактеристики и се посебно присутни во периодот по Студената војна. Презентираните теориски правци истакнуваат дека етнополитчкиот конфликт претставува резултат на општествените процеси. Оттука, разликите помеѓу групите сами по себе не можат да се прифатат како доволна причина за појава на овие конфликти. Ниту едно насилство не е предизвикано единствено врз основа на етничката припадност, но, сепак, етничките карактеристики претставуваат составен дел од етнополитичките конфликти. Всушнот, етничката компонента има големо значење во есклацијата на одредени конфликтни ситуации. Затоа, етничкиот идентитет претставува социјална реалност и заедничка категорија која често се употребува за предвидување на однесувањето на другите етнички групи. Токму силата на групниот идентитет ја карактеризира моќта на страните во етнополитичките конфликти. Ваквата идентификација е доволно силна да иницира мо-

билизација на луѓето во агресивни и насилни активности. Затоа, конфликтите во кои е присутно прашањето за етничката припадност, во суштина, претставуваат идентитетски конфликти. Всушност, етнополитичкиот конфликт речиси секогаш се базира на релацијата „ние“ наспроти „другите“.

Комуникацијата има клучна улога во разбирањето и разрешувањето етнополитички конфликти. Во суштина, таа претставува инструмент кој ги соединува заедно конфликтните страни во изнаоѓање заедничко прифатливо решение за конфликтот. Во овој контекст, политичките контакти и комуникација на макрониво претставуваат добра почетна основа во напорите за изнаоѓање заедничко прифатливо решение. Оваа комуникација треба да овозможи воспоставување услови за градење доверба и за надминување на постоечките предрасуди. Од друга страна, комуникацијата на микрониво е насочена кон утврдување на причините за човековото однесување. Конкретно таа се фокусира на секојдневниот живот на луѓето и на нивните верувања и мотивации кои можат да иницираат продолжување на конфликтот.

Врз основа на сето претходно посочено, може да се констатира дека комуникацијата има клучна улога во решавањето етнополитички конфликти, бидејќи претставува прв и единствен инструмент кој ги соединува спротивставените страни во изнаоѓањето заедничко прифатливо решение.

**Литература**

Allport, G.W. (1954). *The Nature of Prejudice*. Reading, MA: Addison-Wesley.

Amir, Y. (1976). *The role of intergroup contact in change of prejudice and ethnic relations*. New York: Pergamon.

Barth, F. (1969). *Ethnic groups and boundaries*. Oslo: Scandinavian University Press.

Bercovitch, J. (1996). *Resolving international conflicts: The theory and practice of mediation*. Boulder, CO: Lynne Rienner.

Brass, P. (1996). *Ethnic groups and ethnic identity formation*. Oxford: Oxford University Press.

Brown, M. (1994). *Causes and implications of ethnic conflict*. Princeton: Princeton University Press.

Brown, R.J. (1995). *Prejudice*. Cambridge: Blackwell.

Burton, J.W. (1987). *Resolving deep-rooted conflict*. Lanham, MD: University Press of America.

Carment, D. and James, R. (1995). "Internal constraints and interstate ethnic conflict." *Journal of Conflict Resolution* 39: 82-109.

Coleman, P.T. 92003). "Characteristics of protracted, intractable conflict: Towards the development of a meta-framework-I." *Peace and Conflict: Journal of Peace Psychology* 9: 1-37.

Ellis, D.G. and Maoz. I. (2004). "A communication and cultural codes approach to ethno-political conflict." *International Journal of Conflict Management* 14: 255-72.

Ellis, D.G. (2006). *Transforming conflict: communication and ethno-political conflict*. Oxford: Rowman & Littlefield Publisher.

Esman, M.J. (1994). *Ethnic politics*. Ithaca, NY: Cornell University Press.

Fisher, R.J. (1997). *Interactive conflict resolution*. Syracuse, NY: Syracuse University Press.

Георгиева, Л. (2010). *Творење на мирот*. Скопје: Филозофски факултет.

Gurr, T.R. and Harff, B. (1994). *Ethnic conflict in world politics*. Boulder, CO: West-view.

Jenkins, R. (1994). *Rethinking ethnicity*. Thousand Oaks, CA: Sage.

Kelman, H.C. (2004). *Reconciliation as identity change: A social-psychological perspective*. Oxford: Oxford University Press.

*Goran ZENDELOVSKI*
*Aleksandar PAVLESKI*

**UDK: 316.48-054:316.77**
Original research article

# THE ROLE OF COMMUNICATION IN ETHNIC-POLITICAL CONFLICTS

***Abstract***

*This paper analyses the communication role within the framework of ethnic-political conflicts. Therefore, the paper analyses if and what is the communication process influence in understanding of ethnic-political conflicts, as well as its influence in their resolution. Traditional conflict resolution usually seeks to produce acceptable political agreements, as instruments of conflict solving. Still, new patterns of communication between rivals (e.g. micro-level of communication) draw attention to some new issues and influences. Most of these new influences are devoted to changing relationships rather than producing agreements. Actually, this is an approach to conflict resolution that requires long-term communicative contact, in order to achieve more stable and cooperative relationships. Starting from this point of view, this paper focuses on ethnic-political conflict characteristics (including their theoretical aspects, causes, consequences and efforts to solve them), as well as on the communication significance in their understanding and resolution. Therefore, the paper analyses the micro and macro level of communication influence, related to this issue.*

***Key words***: *COMMUNICATION, IDENTITY, ETHNIC GROUPS, ETHNIC-POLITICAL CONFLICT*

## Introduction

Conflict theory recognizes four strategies related to the conflict management. Such are: conflict avoidance; conflict prevention; conflict settlement; and conflict resolution. In the context of the analysis of this paper, it should be emphasized that communication is an important instrument in all of these strategies. Its significance is especially noticeable in conflict settlement and conflict resolution. This paper analyses the communication influence and role in intractable conflicts, such are ethno-political conflicts.

Two conflicting groups must communicate in order to transcend or progress toward closing the gaps that separate them. Therefore, they must have contact. The type of relationships that characterize conflict groups often consist of blame, accusation, stereotypes, and various biases. Hence, conflict groups must have contact in order to overcome these patterns.

According to the traditional theorizing of contact between groups in conflict, the conflicts between different groups almost always produces prejudiced attitudes and hostile stereotypes. (Allport, 1954). Therefore, it is not the case that any communicative contact is as good as any other. It is just as possible for increased communicative con-

tact to intensify prejudice, bias, and misunderstanding, as it is to diminish it. Focused and goal-oriented ethno-political conflict resolution requires beginning with encounters between the two groups designed to reduce prejudice and improve interpersonal relations. According to Allport, the most critical ingredients for positive contact and communication are: an environment of equality and diminished status differences; cooperative interdependence and pursuit of common goals; and social norms supporting intergroup contact. (Allport, 1954). All of them could have positive improvements in creating new intergroup environment and relationships.

## Theoretical aspects of the ethno-political conflict

There are several theories about the causes of ethno-political conflicts. Each suggests a particular mode of ethnic conflict management. However, a perception that it is a conflict between members of different ethnic groups is a common approach of all ethno-political conflict theories.

According to Kaufman, ethnic group denotes a large aggregate of people who have a self-defined name, believe they share a common descent, have common historical memories and elements of shared culture (such as religion and language), and have an attachment (even if only historical and sentimental) to a specific territory. (Kaufman, 2001). On other hand, Horowitz notes that ethnic groups tend to have solidarity and we-feeling, their members experience something of ourselves in each other. Therefore, collective goods have huge importance in creating a so-called ourselves perception. Consensus on collective goods (e.g. language, group identity, collective symbols of shared values) reduces contentious issues and conflicts. Political mobilization of ethnic groups does not start from scratch. On other hand, ethnic activists also often use a robust ethnic infrastructure of associations and networks in political goals, as well as they adapt ethnic symbols and loyalties in the context of political goals.

Starting from ancient hatred approach, Kaplan assumes that ethnic identities and group membership are primordial, resilient to change and represent high risk for repeated destructive conflicts. (Kaplan,1994). Ethnic groups resist assimilation and erosion despite education and ethnic relations are burdened with collective myths, fears, and hostile emotions. Embedded in culture and socialization, their histories highlight past conflicts and threats from other groups.

Starting from manipulative elites approach, Gagnon assumes social construction of ethnic identities, rather than primordial origins. Therefore, ethnic elites contend for power by manipulating ethnic divisions, fear and the hate propaganda. Rival leaders demonize ethnic opponents who can never be trusted and must therefore be defeated.

Identity politics approach holds that divisive ethnic myths, symbols, stereotypes and fears are embedded in folk culture, socialization, and institutions of divided societies. (Kaufman, 2001) Conflict management consists of building overarching shared identities and symbols, and providing political institutions that organize interest and divisions that cut across ethnic lines.

Security dilemma approach holds that under conditions of state failure and breakdown all groups fear for their life and property, and some ethnic groups mobilize for their own defence against rivals they view as threatening. This process very often includes arming as well, which in turn is threatening to other groups, who in turn arm, which leaves all more insecure and stimulates further mobilization as in an arms race between states. (Posen, 1993). Economic roots approach disputes that ethnic divisions are at the root of major contemporary internal armed conflicts. Instead, this approach holds that the root causes of such conflicts are poverty, economic stagnation, unemployment, corruption, and a failed state on the demand side, and warlords organizing unemployed young men into armed bands, opportunities for making a living by aggression and robbery, trafficking in narcotics, controlling revenues from natural resources such as oil and diamonds, and favourable terrain for insurgency on the supply side.

A common point of view for all of the above theories is the fact that a key issue in ethno-political conflict is group bias based on the hardening of perceptions of group boundaries. Rigid group boundaries utilize explicit decision rules about inclusion and exclusion. It then becomes easy to perceive people as members of social categories, that is you are either in my ethno-political group or out of it. (Ellis, 2006).

All of the above theories could be true, but that is not decisive for peace making. What happens is that violent conflict fuels ethnic hatred, brings to power manipulative elites, creates fear and insecurity, is responsible for economic ruin, and fosters exclusive identities and divisive symbols. Therefore, what conflict managers have to do in such situation is to deal with these consequences of conflict. The peace-building and reconciliation process in such situations, must be focused on the perception that people need opportunity and space to express to and with one another the trauma of loss and their grief at that loss, and the anger that accompanies the pain and the memory of injustices experienced. Opportunity must therefore be given for people to look forward and envision their shared future. Certainly, a communication has an important role regarding to this issue.

**Ethno-political conflict characteristics**

Intractable conflicts, such are ethno-political conflicts, involve five characteristics that distinguish them from conflicts more amenable to traditional resolution approaches. (Coleman, 2003). First, intractable conflicts involve power imbalances where ethnicity and language are used as ways to define the other and maintain or established power. Second, these conflicts are concerned with existential threats. They are less about tangible resources and more about human needs and identity. Third, these conflicts typically involve social and political distance between conflicting groups that results in misinformation and stereotypes, even though the parties are often geographically and economically related. Fourth, intractable conflicts involve extreme emotions. Deep feelings of humiliation and anger are part of these conflicts. Fifth, these conflicts result in trauma. Such trauma is long-term and involves chronic physical and emotional problems.

Differences that include ethnicity are deeply intractable, because they involve competition between the meaning systems of two cultures. These meaning systems always involve political, economic, social and religious markers of ethnicity. The key issue in ethnic group identification is the belief in a common descent. An attachment to language, land, and religion is often associated with this common descent. (Ellis, 2006). Therefore, leaving of an ethnic group is not very easily. Actually, individuals cannot escape their ethnicity. Moreover, ethnic group members believe that they share physical characteristics, such as: land, religion, history, and an assortment of ritualistic practices that signify group membership.

On other hand, language, nationality and culture always help determine the ethnic identity. Therefore, conflicts where ethnicity is implicated are fundamentally concerned about identity. Even the single condition that triggers and activates strong identity maintenance is threat. Whenever a group is threatened, its members sharply define the boundaries of their group membership. There are many historical examples of this phenomenon. Palestinians form their identity in contrast to Israel, as well as Israeli identity hardens in the face of Palestinian threats. (Ellis, 2006). Actually, the intensity of ethnic identity is most important issue that is changing people activation. This is one of the reasons why ethnic conflicts are so protracted and difficult.

Moreover, conflicts where ethnicity is implicated always involve the notion of something sacred, whether it is land, geographic location, ancestors, or myths. The sacredness usually causes participants to cling to their beliefs and become extremely resistant to change. When ancestors and land are considered sacred, they take on mythical qualities that serve as core beliefs about the group. The Israeli-Palestinian conflict could be noted as a typical example in that context. Boundaries, homes, and the status of Jerusalem, a sacred location, are the nucleus of the conflict.

As mentioned above, ethnic conflicts are typically long-term and have complex histories. Very often history is used in these conflicts as a weapon. Even if a conflict has not been in existence for very long, the two sides use ancient history as a weapon against each other. In such situations, use and interpretation of history is more important than the actual length of the conflict.

## The role of communication in ethno-political conflicts

There are several reasons why communication has important significance in understanding, controlling and solving of intractable, ethno-political conflicts. First, communication is an elemental part of almost all conflicts, because conflicting parties/ actors usually think about communication process. They engage in strategizing, discussion and symbol manipulation in their efforts to control others. Second, communication is relevant at micro and macro levels of society. At the individual, micro level, people argue, persuade, inform and develop relationships. These interactions usually accumulate into macro structures such as media, institutions, governments and cultures as well. It is the symbolic processes that bind individuals to social systems. Thus, personal relations, as well as media and institutions are implicated in conflict and its resolution. Third, that communication processes cannot manage intractable conflicts, yet all conflicts re-

quire interaction. It is obviously that communication itself cannot resolve conflicts, but communication processes are the mechanisms by which all conflict aspects are processed. Therefore, diplomacy, media, mediation, dialogue, negotiation and conflict resoluteon training are full fundamentally communicative in nature. Fourth, ethno-political conflicts are identity conflicts in general, which are so complex and have unclear boundaries. Actually, they are more intangible and more difficult to define because they derive from existential and so-call cultural concerns. Such conflicts require deeper communicative engagement designed to widen the circle of identity inclusion.

Ethno-political conflict exploits ancient divisions among people based on ethnic descent, rather than more modern group strata based on lifestyle or social class. However, they are responsible for economic loss, destruction of infrastructure, violence, trauma, refugees and serious declines in health care and education as well. Therefore, ethno-political conflicts are serious and require a different form of interpersonal communication, which relies more on deeper transformative communication characteristics. It should be noted that if the nature of the communication between two competing groups can be controlled, then the outcomes can be controlled.

Still, it is important to stress that communication contact between different, conflicting groups is necessary but not sufficient, that it is unavoidable but offers no guarantee of success and must be managed carefully. Timing is an important aspect in this context as well. Actually, when two groups have communicative contact is a matter of ripeness, or of when the timing is best for resolution. Therefore, it should be noted that best option for communication beginning is whenever there are condition for unformal and unstructured contact between members of conflicting parties. The rebuilding of mutual trust, should be the main goal of such a communication. Still, this communication is not sufficient for complete de-escalation of the conflict.

Therefore, conflict resolution requires new influence processes and because of that conflict parties must find new ways of communication that obviate their old patterns. When two conflicting parties decide that they are going to seek solutions about the problems that meet the needs of both of them, they have to create opportunities for interaction that are responsive to one another. In ethnic-political conflicts that are existentially threatening, mutual reassurance and some element of trust are crucial precursors to this new type of communication. In this context, so-called macro-level structural-political contacts that reassure and encourage new form of communication are a good starting point. In such situation, the kind of communication is most fitting for conflict resolution geared toward establishing conditions of trust, discovering ways to institute change, and overcoming biases.

Related to the ethno-political conflicts resolution, it could be noted that the ethnical groups should move to a more shared identity. This requires a type of communication that is transformative, that is concerned with redressing inequality, subjugation, and oppression. The main goal in this context is achieving a practice for conflicting parties to use to work through the gritty reality of a common life together. (Ellis, 2006) Moreover, violence is less likely when there is interdependence between conflicting parties. This is especially characteristic for ethno-political conflicts where ethnicity and national

identity are strongly implicated because these qualities do not change easily or slowly. Still, this more integrative and cohesive approach of the conflicting groups does not happen easily, but is most associated with reducing intergroup bias. However, communication and relations are the core elements in this identity-widening process.

Successful ethnic-political conflict management requires communication on both, above-mentioned macro, but as well as micro levels of contact and interdependence.

The micro level of communication for conflict management is concerned with interpersonal behaviour. This perspective concentrates on elimination of attitudes, beliefs, and motivations that can prolong the conflicts. Therefore. it focuses on the individual life worlds of people, including their social psychological patterns, perceptions, and thinking. Actually, a micro-level communication puts individuals together on an issue and notes what communication processes shape the interaction.

Moreover, for ethnic-political conflicts, these processes must be intense, they must be longer term, and they must include as many complexities of relationships as possible. This especially must be a practice if stereotypes and misinformation about others are to be substantially modified. Relationships become more significant and entrenched when they are institutional. Actually, institutional relationships are based on superordinate goals that are valued by all conflict parties and cannot be achieved without mutual cooperation. Therefore, these relationships are best constructed from macro-levels of society. Macro approaches involve larger social formations based on structures and organizations (e.g. social classes, government institutions, economic organizations, education institutions). Macro societal structures constrain individual motivations and interaction patterns.

However, it could be noted that combined application of communication and micro and macro level is necessary in the context of effective conflict resolution. It is the only approach that can provide overcoming of divisions and open issues between conflicting groups.

## Conclusion

As mentioned above, ethnic-political conflicts are highly destabilizing and have especially increased in post-Cold War environment. According to the presented theoretical approaches, ethno-political conflict is a result of social process.

Therefore, differences between groups are not elemental in any essentialist sense of the term. No violence is purely caused by ethnicity, but the conflict characteristics that were mentioned above, have an ethnic component. Actually, this component has an important role in numerous conflict escalation situations. Related to this, it could be noted that ethnicity is a social reality that is easily associated with individuals and groups. It is a common category for the ascription and prediction of behaviours to others. The strength of group identity is a power feature of groups in conflict. Very often this identification is strong enough to mobilize people into aggressive postures. Therefore, conflicts where ethnicity is implicated are fundamentally concerned about identity. Actually, the ethno-political conflict is always about “us“ versus “them“.

Communication has crucial role in the understanding and resolution of these conflicts. It is used as a basic instrument which brings together the conflicting parties in finding common and acceptable conflict solution. In this context, political macro-level contacts that encourage new forms of communication are a good starting point in finding common conflict solution. This communication should establish conditions of trust and should overcome present biases. On other hand, the micro-level of communication is concerned with interpersonal behaviour. It focuses on the individual life worlds of people and concentrates on beliefs and motivations that may be additional components of the conflict prolonging. According to all above-mentioned, it could be concluded that communication has crucial role in resolution of ethic-political conflicts, moreover because it is the first and basic instrument that brings together a conflicting parties in finding common solution.

**References**


Allport, G.W. (1954). *The Nature of Prejudice*. Reading, MA: Addison-Wesley.

Amir, Y. (1976). *The role of intergroup contact in change of prejudice and ethnic relations*. New York: Pergamon.

Barth, F. (1969). *Ethnic groups and boundaries*. Oslo: Scandinavian University Press.

Bercovitch, J. (1996). *Resolving international conflicts: The theory and practice of mediation*. Boulder, CO: Lynne Rienner.

Brass, P. (1996). *Ethnic groups and ethnic identity formation*. Oxford: Oxford University Press.

Brown, M. (1994). *Causes and implications of ethnic conflict*. Princeton: Princeton University Press.

Brown, R.J. (1995). *Prejudice*. Cambridge: Blackwell.

Burton, J.W. (1987). *Resolving deep-rooted conflict*. Lanham, MD: University Press of America.

Carment, D. and James, R. (1995). "Internal constraints and interstate ethnic conflict." *Journal of Conflict Resolution* 39: 82-109.

Coleman, P.T. 92003). "Characteristics of protracted, intractable conflict: Towards the development of a meta-framework-I." *Peace and Conflict: Journal of Peace Psychology* 9: 1-37.

Ellis, D.G. and Maoz. I. (2004). "A communication and cultural codes approach to ethno-political conflict." *International Journal of Conflict Management* 14: 255-72.

Ellis, D.G. (2006). *Transforming conflict: communication and ethno-political conflict*. Oxford: Rowman & Littlefield Publisher.

Esman, M.J. (1994). *Ethnic politics*. Ithaca, NY: Cornell University Press.

Fisher, R.J. (1997). *Interactive conflict resolution*. Syracuse, NY: Syracuse University Press.

Георгиева, Л. (2010). *Творење на мирот*. Скопје: Филозофски факултет.

Gurr, T.R. and Harff, B. (1994). *Ethnic conflict in world politics*. Boulder, CO: West-view.

Jenkins, R. (1994). *Rethinking ethnicity*. Thousand Oaks, CA: Sage.

Kelman, H.C. (2004). *Reconciliation as identity change: A social-psychological perspective*. Oxford: Oxford University Press.